# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 03.12.2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 30 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Јован Мансијевски, Роза Топузова Каревска, Иван Стоиљковиќ, Радмила Шекеринска Јанковска, Јани Макрадули, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Лилјана Поповска, Фиат Цановски, Имер Селмани, Ермира Мехмети, Џеват Адеми, Али Ахмети и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување - скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен Предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група, по Предлогот на законот да се јават за збор.

Благодарам.

За збор од пратеничките групи се пријавени госпоѓа Бендевска Весна и господинот Китановски Илија.

Има процедурално госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам претседателе.

Бидејќи ова е првиот закон во ова Собрание кој што се донесува по скратена постапка по новиот Деловник, јас не можам без процеудрално да реагирам да помине оваа седница и секако пред целокуната македонска јавност, пред медиумите, пред сите граѓани да го изразам револтот од Деловникот и начинот на кој што е пропишана постапката, во истиот Деловник, за донесување на закони по скратена постапка.

Имено, гледате дека на што се сведува дебатата во ова Собрание по законите по скратена постапка. На една од претходните седници, без општ претрес на пленарната седница се утврди потреба од донесување на овој закон по скратена постапка. И веднаш беше упатен на Комисија. На комисии ние предложивме амандмани и нормално бидејќи таму се мнозинство членови од парламентарното мнозинство овие амандмани не се прифатија. И сега повтрно законот се враќа на пленарна седница и повторно нема или пратениците немаме право на општ претрес, туку само со изразување на став на претставник на пратеничката група, треба да кажеме се решенија кои што се однесуваат на овој закон.

Јас уште еднаш господине претседател, протестирам во име на пратеничката група дека ваквиот начин на забрзано носење на закони пред се, или ваквата процедура утврдена во Деловникот на ваков начин на донесување на закони во скратена постапка во ова Собрание, значи гушење на дебатата во Собранието, значи немање на транспарентност и јавност во работењето и значи многу мал придонес на опозициајта при донесувањето на овие закони. Затоа уште еднаш, бидејќ е ова прв закон којшто ќе го донесеме во ова Собрание по скратена постапка, го искористувам моето право на процедурална реакција уште еднаш на бесмисленоста на оваа постапка, на можноста на Владата и парламентарното мнозинство оваа постапка да злоупотребува како што денеска тоа го прави со куп закони и уште еднаш барам и инсистирам заедно да отпочеме со измена на Делвникот. Ние, уште еднаш ја потврдувам изјавата од вчера, како пратеничка група ќе поднесеме предлог за измена на Делвникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Само не знам за што се оденсуваше процедуралната забелешка, спрема мене или општо. Добро спрема мене не се однесуваше, спрема самиот Деловник.

Процедурално господин Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Мојата процедурална забелшка претседателе е по членот 171 и 157, но сакам исто така да ја искористам оваа моја процедурална зебелшка да ве информирам за хаосот што настана вчера во Собранието на Република Македонија, хаос кој што беше предизвикан директно од катастрофално лошото решание, т.е. лошите решенија на овој Деловник. Вчера почитуван претседателза овие две години како што сум пратеник не сум сретнал повеќе пратеници во ходниците кои што не знаеја кој во која комисија треба да оди. Имаше случаи каде што пратениците бранеа 5, 6 амандмани во сала 2 во Комисијата за финансирање и буџет, а ви исто време требаше да одат и во друго две до три комисии.

Исто така вчера претседателе се случи одредени комисии да немаат камера, значи им беше

одземено правото на јавност. Се случи една немила случка. Министерот за финансии буквално го избрка министерот за земјоделие. Замислете минисерот за финансии пред очите на јавноста го избрка министерот за земјоделие.

Почитуван претседателе вие на денешната седница предлагате 20 закони со скратена постапка. Во членот 171 велите: кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес и веднаш потоа во членот 157 велите ако не се одржи општ претрес по Предлогот на закон претставниците на пратеничките групи можат да го изнесат своето мислење. Вие почитуван претседателе треба веднаш да покрене постапка во правец на промена на Уставот на Република Македонија и сите пратеници кои што немаат пратеничка група да им го укинете мандатот. Вие отстапувате од изјавата која што ја дадовте пред ова македонско Собрание и пред граѓаните на Република Македонија, денот кога ве избравме за претседател дека сите пратеници ќе имаат еднаков третман. Ние пратениците што немаме пратенички групи со ваквиот начин на однесување на ВМРО ДПМНЕ немаме право да го дадеме своето мислење по одреден закон. Само оние претставници кои имаат пратенички групи гледате на денешната седница имаат право само по еден од нив и да се јави. И да биде трагедијата уште поголема и конфузијата на Деловникот да биде уште поголема сакам да упатам на членот 88 каде што по основ на приоцедурални забелешки ние пратениците кои што немаме пратенички групи може во секое време да се јавиме и да ја искажеме забелешка по одредена процедура, повреда на процедура, а кога се работи по скратена постапка за некој закон немаме право да го кажеме сопственото мислење. Заклучувам претседателе ВМРО ДПМНЕ направи хаос во Собранието со катастрофалниот лош Деловник.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку колега Горан Мисовски, како што јас имам право да покренам одредена постапка имате и вие право да покренете постапка пред Собранието за измена и на закони и на Деловник и на другите акти, во однос на тоа. Во однос на, самите вие кажавте, одредени, условно да кажам, права имаат пратениците кога се во пратеничка група, одрдени права кога се надвор од пратеничката група. И секој си ги користи тие права согласно Деловникот. Мислам дека ништо не е направено процедурална грешка и да е направено некое дејствие надвор од Деловникот. Согласно постојниот Деловник сите дејствија се превземани.

Процедурално е јавен господинот Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Благодарам претседателе.

Јас кратко ќе се задржам и моето обраќање не е до ова Собрание јас се обраќам до Европската унија за да види што овде се случува во ова Собрание.

Извештајот за 2008 година во ноември месец уште не се изладил ние го правиме истиот злочин кој што го правевме година дена. Значи ни беше забележано и ви беше вам кажано господине претседателе. Вие излеговте пред амабасадорите, излеговте пред македонската јавноста се извинивте и кажавте: Грешевме нема да се повтори. Ова е првиот ден на пишување на новиот извештај за 2009 година на Европската комисија и првиот ден на пишување на новиот извештај ќе почне со тоа дека Собранието на Република Македонија продолжи со праксата на закони по скратена постапка без дијалог, дебата, без јавност без транспарентност. Имаме овде еден куп на закони кои со дефектени, Деловник скратена постапка како консенквенца од нетранспарентноста на работењето не воведува во нов период на замрачување на состојбите во Република Македонија. Со други зборови господине претседателе вие сносите многу голема кривица за ова што се случува и мое е да свртам внимание и на домашната јавноста, да ви свртам внимание вам и да свртам внимание на оние кои што ја пратат ситуацијата, а тоа е Европската унија, дека овој извештај почнува негативно за Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Само мислам колега вие дневниот ред го имате утврдено и сега е погрешно затоа што сега расправаме за триесет и втората седница е утврден дневниот ред на 18 ноември. Мислам дека требаше да почекате уште пола саат па да го искажете своето мислење по Триесет и третата седница. Инаку во однос на вашите забелешки, мислам не држат, сосема е јасно и јавноста знае и претствниците на Меѓународната заедница знаат дека тие закони што се предложени се битни за економскиот живот во Република Македонија и преземени економски мерки кои што треба да бидат превземени.

Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Дозволете најпрво да ви упатам забелешка. Јас сум овластен претставник во врска со амандманите што беа разгледувани на седниците на работните тела и ќе ве молам да ми дозволите 15 минутно обраќање. Толку околу процедуралната забелешка.

**Трајко Вељаноски:** Ние сега расправаме согласно член 157. Таму пишува 10 минути.

**Весна Бендевска:** Почитувани колеги претставници на медиумите и цела македонска јавност, вака изгледа обидот да се наруши демокартскиот капацитет на Собранието на Република Македонија кој беше изгласан од страна на владеачкото мнозинство и формулиран како нов Деловник за работа на ова Собрание. Дозволете најпрво да ја изразам својата

најсериозна не забелешка, туку загриженост дека во Република Македонија се случува без преседан она што значи замолкнување не само на опозицијата, туку и на граѓаните на кои ќе се однесуваат законските одредби и за кои ги носиме тие закони.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, колешке Весна Бендевска, треба да го искажете ставот на пратеничката група по самиот закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Си го трошите бесполезно времето.

**Весна Бендевска:** Благодарам на забелешката почитуван претседателе на Собранието, вие сте најповиканиот да кажете зошто во овој момент пензионерите од Република Македонија 280 илјади пензионери повторно по трет пат ќе бидат изиграни од страна на Собранието на Република Македонија. Дозволете да го искажам ставот на разочараност, бидејќи бевме претставници, поднесовме амандмани по барање на Сојузот на здруженијата на пензионери, за кои припадниците од владеачкото мнозинство не најдоа сила да ги прифатат. Потребата за донесување на измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување дојде како директна потреба од усогласување по одлуката што Уставниот суд ја донесе на крајот на месец ноември оваа година. Почитувани колеги, вие сте директно одговорни што Уставниот суд по втор пат реагираше на ист обид од страна на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ да посегне во пензионерскиот џеб, да го подржави нивниот денар. Ама ова ќе претставува по трет пат обид за изигрување на одлука на Уставен суд. Уставниот суд јасно и гласно кажа дека согласно уставните одредби правото на приватна сопственост е неприкосновено. Жалам што вие колеги од владеачкото мнозинство немате сила да се откажете од обидот да располагате повторно со пензионерскиот денар кој го издвојуваат врз доброволна основа се со цел да им помогнат на своите семејства во случај на нивна смрт околу погребалните трошоци. Со донесувањето и изгласувањето на овој закон повторно владеачкото мнозинство се обидува не да им го врати управувањето со солидарниот фонд, туку им ја одзема членарината, бидејќи реакциите што стигнуваат до нас се јасни. Со три месечното неиздвојување по основ на членарина, функционирањето на нивните општински здруженија е доведено во прашање. Не гледам заинтересираност, жалам, од ваша страна да се обидеме да ги прифатиме нивните барања, што велат: оставете ни го пензионерскиот денар што го издвојуваме во име на солидарен фонд, посмртни трошоци сами да си располагаме. Впрочем Република Македонија е единствената земја во која пензионерите сами си ги поднесуваат своите погребални трошоци. Секоја сериозна држава води сметка за своите пензионери, трошоците за погребални трошоци одат од државниот буџет. Жалам што и минатата година долго дебатиравме дека ќе се случи преседан, обид за етатизација на сопствен денар, денар издвојуван од пензионерскиот џеп, многу тенки пензии, а не заборавајте да ги спомнеме и пензиите што ги добиваат инвалидските пензионери. Затоа нашиот став е јасен и гласен, ако Уставниот суд побара измена на законот што значи враќање на управувањето на солидарниот фонд. Не веруваме во обидот што дојде директно од страна на Министерството за труд и социјална политика управувањето со сопствениот денар од секој пензионер да го врши некоја недефинирана регистрирана организација, која никој не знае во каква форма, со какво членство и со какви надлежности ќе биде. Ама сме сигурни дека терминолошки регистрирана организација ќе претставува некоја нова парадржавна организација која како капа ќе се сведе над сите сојузи на здруженија на пензионери во Република Македонија. И ова ќе биде претпоставувам по трет пат ќе следи реакција од страна на Устаниот суд кој јасно и гласно ќе каже повторно, не. Оставаме на вас, на ваша совест да го изразите своето мислење по овој закон. СДСМ нема да учествува во изигрување на одлуки на Уставен суд, особено затоа што по втор пат Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обидува буквално да не ги почитува одлуките на Уставнот суд. Дозволете да ве упатам на една мошне сериозна ситуација што со недонесувањето на овој закон се случува во Република Македонија во овој момент, сметката на солидарниот фонд на пензионерите е празна. Три месеци Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија иако поседува лична изјава од секој поединечен пензионер, не врши задршка по основ на погребалните трошоци и по основ на членарина. Знаете ли што се случува, подолговечните пензионери кои со години уплаќаа на име погребални трошоци ќе бидат соочени со фактот дека оваа држава, односно Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кој е задолжен за администрирање на нивните пензии, ќе каже дека пари нема. Јас долго време го упатувам прашањето и до министерот за труд и социјална политика и до вас колеги да најдеме начин и сила да добиеме одговор на прашањето зошто фондот не им врши задршка на пензионерите за последните, при исплатата на последните три пензии. Ве уверувам дека ќе треба најмалку уште три месеци по стапување на сила на овој закон да се формира вашата легендарна непозната регистрирана организација која ќе почне да ја врши задршката. Ама во овие 6 месеци голем број на семејства на починати пензионери не ќе можат, иако со години уплатувале да го добијат одговорот на прашањето, што се случува со нивните пари?

Почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, апелирам на вашата совест, да им дозволиме на пензионерите онака како што тоа го бара Уставниот суд сами да си го администрираат својот солидарен денар, сами по сопствено барање и по сопствено убедување бараат да се

договорат и да формираат договорен орган претставуван од претставници од сите сојузи на здруженија на пензионерите за да си ја определат висината и начинот на кој ќе се употребува нивниот денар. Жалам, почитувани колеги што ненајдовте сила барем да се загрижите, бидејќи голем дел од вас гласаше пред една година за оваа одлука, за овој закон што падна пред Уставен суд. Најмалку што очекував од вас е да покажете сериозна загриженост и засраменост. И ве повикувам за да не се случи уште еднаш да се срамите, внимавајте како ќе гласате за овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Илија Китаноски го искажува мислењето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, предложените дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување се резултат и во насока на усогласување со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија со која што Фондот за пензиско и инвалидско осигурување нема повеќе законски основ да врши задршка и исплата на солидарниот фонд и на членарината на сојузите на здруженијата на пензионерите. Значи, законот што го предлага Владата и кој што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи е резултат на заедничкиот став на Министерството за труд и социјална политика, Фондот за ПИОМ и претставниците на сојузите на здруженија на пензионерите кои што заедно оценија дека создавањето на солидарни средства за помагање на членови на семејствата на починат корисник за покривање на дел од погребните трошоци и сервисирање на овие средства треба и понатаму да постои, како и членарината која што доброволно ја уплаќаат пензионерите во нивните здруженија и сојузи. Основна цел на предложените дополнувања на Законот е регулирање на сервисирањето на солидарниот фонд, посмртната помош и членарината согласно претходно утврдените насоки и ставовите утврдени со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија. Значи, издвојувањата на средствата за солидарен фонд и исплатата на посмртната помош и членарината само да ги сервисира фондот, значи чисто како техничка функција Фондот за пензиско и инвалидско осигурување истовремено овозможувајќи целосно учество на здруженијата на пензионерите, на нивните сојузи во располагање и управување со средствата како носители на солидарниот фонд. Како поткрепа на ова, ќе го прочитам членот 130-б со кој што се регулира начинот на располагање. Значи, висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртна помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните, а неискористени средства од посмртната помош со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Значи, целокупната процедура, распределбата, критериумите ги утврдува организација која што сојузите на здруженија на пензионерите заеднички ќе ја формираат. И тука нема никаква дилема, ниту можност за било каква манипулација.

Понатаму, изземањето на решението неискористените средства од солидарниот фонд да се вложуваат во купување на државни хартии од вредност е исто така една од причините заради кои што се предлага овој закон. Значи, начинот на располагање со слободните и неискористени средства од посмртната помош со акт повторно ги утврдува организацијата составена од сујузите на здруженијата на пензионерите. И навистина не гледам што тука е спорно.

Она што се сакаше од страна на опозицијата да се наметне како наводно спорно, е дека регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе било под некаков влијание на власта итн. Значи, законот и членот е многу јасен, многу краток е, од пет члена се состои законот. Членот 130-б е многу јасен и прецизен. Значи, таа регистрирана организација ја формираат сојузите на здруженија на пензионерите на Македонија. И каде е тука, ве молам, било какво влијание на Владата во формално, или неформално учество. Значи учеството на Владата преку Фондот за ПИОМ се сведува на чисто техничко извршување на исплатата на средствата на жиро-сметката која што ќе ја определи организацијата која што ја формираат сојузите на здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Значи апсолутно овој закон е сосема јасен, ќе повторам, содржи само пет члена, нема никакви можности за различно толкување. Само за илустрација, амандманот кој што на седницата на Комисијата за труд и социјална политика од страна на колегите од опозицијата не беше прифатен, гласи, или се однесува во еден негов дел, во крајниот дел. Тие бараат да не стои регистрирана организација на сојузите на здруженија на пензионерите, туку да стои: орган формиран од сојузите на здруженијата. Воопшто нема никаква разлика, освен во формата, дали ќе биде орган, или ќе биде организација. Секако треба да биде регистрирана за да може легално и легитимно да и бидат префрлувани и нејзините одлуки да бидат почитувани од страна на Фондот и да бидат префрлувани средства на онаа жиро-сметка која што ќе ја определат тие како заедничка организација на сојузите на здруженија на пензионери на Република Македонија. И уште нешто. Беше спомнато дека пензионерите со овој закон наводно ќе биле изиграни. Бидејќи имам

земено збор, па да не излегувам повторно за реплика. Пензионерите можеби биле изиграни во еден период, меѓутоа беа изиграни од една друга Влада и од еден друг премиер кој што изјави дека, ако се зголемат пензиите бродот кој што го претставува Буџетот на Република Македонија, ќе потоне, односно на бродот нема место за пензионерите. Така што нема потреба од драматични изјави од таков тип. Таквите изјави беа искажани и не само како изјави,т уку како официјален став и во пракса ги осетија пензионерите на Република Македонија. Така што мислам дека воопшто овој закон вака предожен не дава простор за било какви други формулации, или резерви дури и од страна на опозицијата која што се обидува да најде и во овој сосема коректен закон кој што ги регулира средствата на пензионерите доброволно собрани во солидарниот фонд и од нивната членарина на сосема коректен и законски начин сами да управуваат и учествуваат во нивната распределба. Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи донесувањето на овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Сакам да ви укажам пред да дадам процедурално, бидејќи има колеги што се пријавени процедурално. Ова е согласно член 157 каде што се искажува мислењето на пратеничката група. На тоа не може да се даваат реплики. Кога има претрес по самиот закон укажува членот 89 и 86 ги обработува претресот по законот. Ова е искажување на мислење на пратеничката група. И затоа согласно Деловникот нема право на реплика и контрареплика.

Процедурално господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Вие претседателе на моето барање за реплика го прекршивте членот 89 од Деловникот. Ќе го цитирам: на пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен наод, или наод што предизвикал недоразбирање, претседателот ќе му даде збор кога говорот ќе го заврши оној кој предизвикал потреба од исправка. Навистина сакав да дадам одредени забелешки по излагањето на колешката Весна Бендевска. Би ве замолил претседателе, ако сте во можност сега во овој момент да ми дадете толкување, која е разликата помеѓу говор и искажано мислење? Ако после оваа точка имаме право на говор, тогаш еве, дел од пратениците се инспирираат на говор кога има повеќе луѓе, ќе викнеме уште 100, 200 луѓе во салата, ќе направиме митинг, ќе држиме говор. Навистина вие претседателе не смеете да го кршите Деловникот, заради тоа што или имате некои недоречености и колизија во одредените членови од Деловникот, или почитувајте го мислењето на пратениците. Јас само сакав да искажам одредени забелешки во врска со она што го искажа мојата колешка Весна Бендевска. Претседателе,би ве замолил, да ни дадете толкување која е разликата помеѓу искажано мислење и говор?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има голема разлика, само вие треба да ја сфатите дека говор се однесува по претресот на законот и самиот пратеник го искажува својот говор, а овде има мислење на пратеничка група. Мислам дека е сосема различно и господинот Илија Китаноски, и госпоѓа Весна Бендевска го искажаа мислењето на пратеничките групи, не го искажаа нивното мислење. И сосема е различно тоа.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе, како што укажав и мојот колега Горан Мисовски, денеска вие по кој знае кој пат го кршите Деловникот за работа на Собранието. Го прекршивте членот 157 и членот 89. Почитуван господине претседателе, кршејќи го Деловникот, практично ги кршите правата и слободата на пратениците да говорат или да ги користат оние механизми кои што вие во овој ваш Деловник сте ги дале. Сега повторно кога гледате дека има правна празнина во овој Деловник, вие се со една единствена цел, а таа е целта заради која што е донесен и овој Деловник, да се замолчи опозицијата. Ни го ускратувате нашето право на реплики, иако тоа никаде овде во Деловникот го нема и тоа го правите само со свое ваше некакво, не знам какво толкување на овие два члена. Јас барам претседателе, да им дадете на сите овие пријавени пратеници право да реплицираат, затоа што според мене, а секако и според останатите и на говор и на реплика и на говор и на мислење се има право на реплика и мислењето ништо не се разликува од говор. Пратеникот преку говор во ова Собрание го изразува мислењето на пратеничката група, што значи дека останатите пратеници имаат право нешто да испраат, да дополнат, или да укажат на неточен навод. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас мислам дека дадов објаснување на претходниот пратеник во однос на Деловникот.

Со оглед на тоа дека заврши, пријавените по однос на мислењето на пратеничките групи, продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог.

Објавувам пауза до 12,30 часот.

**(**По паузата седницата проодлжи со работа во 12,55 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Сакам да информирам за постигнатата согласност на координација.

Координаторите на пратеничките групи на координација постигнаа согласнсот во врска со член 157 од Делвоникот на Собранието на Република Македонија што се однесув ана правона реплика на искажано мислење на пратеничка група. Бидејки тоа право експлицитно не е определено, а поаѓајкиод принципите на

развој на демократскит епринципи и политичкиот дијалог, беше договрено да се дозволи правона реплика на искажано мислење на пратеничка група. Овој став ќе се применува од сега па понатаму во работата на Собранието.

Има реплика госпоѓа Славица Грковска-Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе,

Господине Краноски јас се прашувам кога во име на пратеничката група ја зборувавте вистината или кога ВМРО-ДПМНЕ ја зборува вистината, кога го кажува мислењето во врска со солидарнио тфонд на пензинерите.

Вие не убедувавте дека законот е сосема коректен и во ред,кога ние ве уверувавме дека не е согласно Уставот и дека ги загрозува правата на пензионерите, заради тоа што не може никој друг да располага со средствата што пензионерите доброволно ги оделуват во солидарниот фонд.

Откако законот падна на Уставен суд, сега ни давате нов предлог на закон кој повторно претставува изигрување на одлуката на Уставниот суд и сега и за ваквото решение не убедувате дека е сосема коректен закон и дека треба да го прифатиме, а повторного загрозува правотона пензионерите сами да одлучуваат за средствата кои ги оделуваат од пензиите за солидарниот фонд. Значи и со ова ваше објаснување јасна е тенденцијата на ВМРО-ДПМНЕ, без разлика дали е во коалиција со ДПА и со ДУИ, по секоја цена да ги контролира средствата кои пензионерите ги одделуваат во солидарниот фонд и ВМРО-ДПМНЕ да управува со тие средства така како што сака, да гоузурпира правотона пензионерите сами да одлучуваат на кој начин ќе ги распределуваат средствата и како ќе бидат тие дефинирани. Само да потсетам дека првата тенденција беше со средствата кои не се искористени во текот на годината Владата да купува хартии од вреднсот, фондот да купува хартии од вредност. Сега, после одлуката на Уставниот суд барате поблага форма, меѓутоа повторно не се откажувате од целта вие да управувате со средствата на пензионерите кои ги уплаќаат во солидарниот фонд. Бидете уверени дека и ваквиот закон за кој сега не убедувате дека е коректен,исто како претхдониот, повторноќе падне на Уставен суд заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ и Владата нема право да управува со средствата на пензинерите. Колку побрзо тоа го сватиме толку подобро за пензионерите заради тоа што заради вашето неодговорно однесување во изминатите месеци останаа неисплатени средства од солидарниот фонд само затоа што вие не бевте подготвени да ја исправите грешката што ја направивте. И уште пвоеќе, не сте спремни да сослушате различни мислења и да ги прифатите, без разлиак дали доаѓаат од опозицијата или од пензионерите, дека ги ускратувате нивните права.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Контра реплика има господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе,

Јас ќе го прочитам и амандманот кој што го поднесовте вие колешке заедно со останатите колеги од пратеничката група на СДСМ и сами или јавноста ќе види, бидејки вие не сакате да видите дека апсолутно не постои никаква разлика меѓу суштинската содржина на вашиот амандман и членот кој го предлага Валдата. Членот штого предлага Владата 130-б вели - висината на задршката за посмртна помош и членарина со акт ги утврдува регистриран аорганизација на сојузите на здруженија на пензионери на Македонија. А вашиот амандман вели - висината на задршката за посмттна помош и членаринасо акт ги утврдува орган формриан од сојузите на здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Апсолутно не постои никаква разлика. Никаде во членот 130-б не стои дека Валдата на било кој начин, посреден или непосреден, ќе ги контролира овие средства. Нив ќе ги контролира организација регистриран од здруженијата на пензионерите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Добро е што сеуште формите на демократски легитимен притисок вродуваат со плод и дефакто тоа е искористување на една ситуација, бидјеки не ни е дозволено да дискутираме. Јас не знам што е разликата меѓу говори мислење. Оние кои што можеби не мислат сакаат говори да кажуваат. Тие што скаат нешто повеќе да мислат го читаат она што им е напишано. Таква ситуација имавме и со претходниот говорник.

Денес имаме уште една крупна повреда на Уставот на Република Македонија, трети пат по ред. Првиот пат во Владата на Љубчо Георгиевски каде што министер беше Никола Груевски. Вториот пат во Владата на Никола Груевски и трет пат пак во Владата на Никола Груевски. Владата ги носи законите свесно, знаејки дека го крши Уставот и таа вели јас ќе направам беља, ќе го дадам тоа во Собранието и после грешката ќе оди на Собранието.Значи во овој момент пратениците на владеачкото мнозинствопо втор пат, во мандатот на Груевски како премиер. Трет пат во мандатот на ВМРО-ДПМНЕ свесно влегуваат вокршење на Уставот и велат тоа нас не не интересира, ние ќе го донесеме законот па што ќе прави понатаму Уставниот суд воопштоне не интересира. Кој е мотивот да се кршат законите, конкретно во овој случај со правата на пензионерите, финансиски. 280 илајди пензионери одвојвуаат по 280 денари. Месечно тоа е 7,5 милиони евра. Годишно тоа е 90 милиони евра.

Во овој момент Фондот за пензиско инвалидско осигурување има страшен дефицит, во него има дупка која сакате да ја пополните и со новиот Буџет. На тој начин парите место да одат кај пензионерите вие ќе ги задржите, или на годишно ниво 90 милиони евра ќе треба да ги менаџира, ако не до сега како Фонд или како минситерство, од сега некоја фантомска нова организација која ќе биде под чадорот на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е мотивот на овој закон, кој да ги контролира 90-те милиони евра на годишно ниво. Ние велиме тоа се пари на пензионерите, тие ги определуваат, со лични изјави ги издвојуваат, вратете ги назад. Има огромни проблеми во изминатиот период кога на луѓето не можеше да им се исплати посмртнина и за тоа беа известени медиумит еи македоснката јавност, сега го правите истиот проблем. Ќе чекаме два месеци да се формриа некоја фантомска криминогена организација која утре ќе рече во Скопје, во Аеродром давам толку, во Демир Хисар толку,во Битола не давам. Зошто? Бидејки парите треба да се задржат за да се покријат загубите на Фондот бидјеки тој не се менаџира нанајдобар можен начин. Финансиски криминален мотив на грбот на пензионерите кои и така и така тешко скрпуваат од 1-ви до 1-ви.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Освен вербална гимнастика ништо друго не слушнав од коелгата Ивановски. Очекував да слушнам некоја аргументација. Значи воопшто не зборуваме дали некој читал напишан говор. Можеби тој има напишан говор.

Инаку на Комисијата за труд исоцијална политика се водеше исцрпна дискусија повеќе од три часа за овој закон.

Уште еднаш, сега да не биде и моево вербална гимнастика, суштински нема разлика помеѓу содржината на амандманот на СДСМ и основното решение во членот 130-б предложено од Владата преку Министерството за труд и социјална политика. И во едниот и водругиот случај со начинот на распределба на средствата располага организација што ќе ја формираат здруженијата на пензионерите во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Добро е Што на крајот се прекршивте и ни дозволивте да реплицираме, за да нема вакви недоумици околу тоа Што го говори Илија Китаноски.

Прво, не е точно дека не постои разлика меѓу она што го предлага Министерството за труд и социјална политика и тоа што го предлага пратеничката група на СДСМ. Тој амандман што вие го читате апсолутно не оди во таа насока. Овој предлог закон е еклатантен пример наинтенцијата на оваа власт да се меќа во сите сфери на општествено здружување и живеење. Имено, ние немавме намера од ова предложено законско решение да правиме дневен популизам. Апсолутно само ги пренсуваме барањата на Сојузот на пензионери на Република Македонија. Имено ние предложивме амандман во кој средствата кои се собираат врз база на солидарен фонд Сојузот на пензионери на Република Македонија да ги распределува врз база на орган на управување кој ќе го доенсе, ќе гоорганизира Сојузот на пензионери на Република Македонија. Во конкретниот случај, да се формира управенодбор кој Сојузот на пензионери на Република Македонија ќе си го формира, управен одбор за располагање со средствата од солидарниот фонд врз база на квалитетна основа на членките на ограноците на Сојузот на пензионери на Република Македонија кои исто така се регистрирана организација. Ако не сте знаеле, а треба да го прочитате законот, таму велите дека ќе се формира некоја регистрирана организација која ќе ги дели овие средства кои се собираат. Еве тука е претставникот за труд и социјална политика, нека каже која е таа регистрирана организација која ќе ги замени овие регистрирани организации како сојуз на пензионери и ограноци кои се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фоднации и кои постојат во Судскиот регистар.

Инаку зошто Сојузот на пензионери на Република Македонија бара да има орган на управување, ние во неколку наврати објаснувавме на комисиите. Вие тоа требаше да го земете предвид. Постојат одредени општински сојузи на пензионерикаде стапката на смртнсот е погоелма, како случајот со Демир Хисар, Македонски Брод, каде поради собирањето на средствата и помал број на членство таму во сојузот, не може да се исплати доволно средства како што тоа се прави во другите општински сојузи. Токму тоа го бара Сојузот на пензионери на Република Македонија да има управен одбор кој ќе обезбеди на паритетна основа, таму каде што нема доволно средства, да се распоредуваат таму каде што има вишок. На крајот на краиштата, прашувам кое е правотона Владата да се меша во средствата кои ќе ги собираат пензионерите, како ќе ги распоредуваат и за што ќе ги трошат. На тоа треба да дадете одговор, а не да говорите какви амандмани ние сме предложиле, што немаат врска со суштината. На крајот на краиштата,одредена работа што пред паѓање на законот пред Уставен суд имаше и добра работа. Имено се виде дкеа Фондот за ПИОМ умее добро да ги собере средствата на крајот на краиштата пензионерите се согласија да продлжи праксата Фондот и понатмау да ги собира средствата. Меѓутоа не можете да се мешате во начинот како ќе ги трошат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Илија Китаноски, повелте.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Фондот само технички ги извршува работите кои му се доделени со овој закон.На ни еден начин ни еден член ниту имплицира дека Фондот ќе влијае. Не може само еден саојуз да формира орган, управен одбор или организација. Има најмалку 4, во овој момент регистрирани сојузи. Затоа во Законот се вели од сојузите на организациите на пензинерите.

Што се однесува до организацијата што е посочена во член 130-б што вие ја нарекувате фантомска, тоа е истата организација која е содржана во вашиот амандман, само таму вие ја нарекувате орган формиран од сојузот на здруженијата. Нека се нарекува и орган. Битно е дека суштински нема никаква разлика.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Ако господинот Китаноски говори дека нема суштинска разлика, барам да одговори на три прашања.

Прво, амандманите по форма и содржина ги предлагаат здруженијата на пензионери.

Ако биле без суштинска разлика, зошто не ги прифативте, но суштинската разлика е голема. Да потсетам, им налагате со закон, без никакво право и спротивно на одлукана Уставен суд, да формриаат регистрирана организација.

Моето второ прашање е, здуженијата на сојузот на пензионери се регистрирани, ама согласно Законот за здруженија на граѓани што им дава слобода не смао во здружувањето туку и на формите со кои ќе управуваат и располагаат со сопствен имот. Сега вие им налагате да регистрираат организација. Прашувам, според Законот за трговски друштва? Тогаш секој пензионер ќе има двојно членство, едно во здужение, согласно еден закон, второ во трговско друштво кое вие како претставници на извршна власт им го наметнувате. Тоа е огромна суштинска разлика. Дозвоелте, се работи за друго, се работи за средства што 280 илјади пензионери по 20 денари за членарина издвојуваат, речиси 6 милиони денари месечно некоја регистрирана организација, по замислата на министерот за труд и социјална политика, од Владата на господинот Груевски ќе ги добие на свое конто, на една жиро сметка. Пензионерите сакаат својата членарина да ја добиваат на општинската сметка во здуженијата. Пензионерите сакаат, согласно Законот за здружение на граѓани, да си формираат управен одбор кој ќе раководи со тој солидарен фонд. Пензионерите не сакаат Владата со закон да ги обврзува на нешто што се вика нивно личноприватноправо на располагање, со нивни лични средства. Тоа не да е голема разлика, не да е суштинска, туку покажува нешто сосема друго, обид на Владата да врши политички и партиски притисок во здруженија на граѓани, во овој случај пензионери на Република Македонија. Благодарма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Уште еднаш ќе повторам, не е само едно зфужение или еден сојуз на здруженија на пензионери, туку во овој момен се најмалку 4 од кои претставници само на две беа присутни на седницата на Комисијата. Останатите не беа, иако беше дозволено присуството за сите нив. Значи мора сите тие заедно, како што и вие во вашиот амандман предлагате, да формриаат едно заедничко тело, дали тоа ќе се вика организација или орган, треба да биде регистрирано затоа што ќе одлучува за битни работи за намената на средствата на пензионерите и начинот на нивно искористување. И на крајот пензионерите ќе распоалгаат со своите средтва бидејки на крајот тие ќе завршат на сметките на нивните здруженија, меѓутоа распределбата ќе ја прави регистрирана организација што тие ќе ја формриаат, тие 4 постојни и други ако се формираат. Законот тоа го дозволува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Колега Илија Китаноски во своето излагање се ограничи смао на постојното законско решение, меѓутоа многу малку кажа како се дојде до ова решение и кои се причините за тоа.

Требаше прво тој да се извини на сите пензионери затоа што претходно во една друга постапка, во претходниот состав на Собранието, решија да имги земат парите што се нивна сопственост кои ги собираат во солидарен фонд. Значина таа седница владеачкото мнозинство на предлог на Владата донесе одлука д аим ги одземе парите на пензионерите што ги собираа во солдиаренфонд, а се нивна лична сопственост и гиуценија дека ако сакате и понатмауда ги имате парите, тогаш треба да ги собира Фондот за ПИОМ. Ние тогаш велевме дека одлуката Ќе падне на Уставн суд. Сега ког ападна и кога Владата мораше да поднесе ново решениа, требаШе тој во име на владеачкото мнозинство да излезе и да каже,извинете нашата тактика не успеа и со парите можеби вие понатмау ќе си располагате. Затоа господине Китаноски не е добро да заборавате. Таа седница беше во 2007 година и сетете се колку траеше дебатата и на кој начин им ги одземавте парите. Сега со ова решение повторно дел од парите кои нема да се распределат, остануваат да располагаат државните органи. Без раслика што вие ќе не

убедувате колегата Ивановски кажа за колку средства се работи и тие не се трошат во текот на целата година. Голем дел од нив останувaат. Вие тогаш со првото решение рековте да се купувале акции или хартии од вредност.

Добро е што не се случи, бидејќи пазарот на капитал отиде во голем минус и веројатно сега дел од тие пари ќе беа обезвреднети. Ова решение е само исправка на грешката која ја направи ВМРО-ДПМНЕ, кога го донесе првичното решение, да им се одземат парите на пензионерите. Ништо повеќе. И ако имате доблест извенете им се на пензионерите и кажете им дека тоа беше упад, се со цел да се стави рака врз парите кои што се лична сопственост за пензионерите. Ништо повеќе. Ова денеска што се усогласува Законот со Одлука на Уставен суд и само фактички признавање на грешката, а не подобрување на претходното решение.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе.

Господине Николов, јас се осврнав на сегашниот закон, бидејќи тој е на дневен ред и за него треба да дискутираме. А за тоа што за некои решенија од претходниот закон, Уставниот суд ги остварил и ги укинал, токму затоа сега имаме нов Предлог на закон и треба за него да дискутираме. Ако се враќаме наназад и дискутираме кој им ги укина 8% на пензионерите, за која немаше место во бродот на Бранко Црвенковски, за пензионерите немаше, тоа е сосема друга приказна и надвор сме од темата. Значи, суштински средствата од пензионерите од членарина и посмртнина остануваат за нив и ќе ги користат општинските или регионалните организации, а распределбата ќе ја врши регистрирана организација, или орган како што вие сакате да наречете, во вашиот амандман. Повторно ќе кажам, нема никаква разлика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Добро е што полека освојуваме чекор по чекор демократија во ова Собрание и што дозволивте во скратената постапка на мислењето или говорот, како што сакате земете, пратениците имаат право на реплика. Овој е еден чекор, една придобивка што ја оствариме денеска и очекувам дека демократијата не е завршен процес и понатаму ќе се унапредува.

Сега во врска со мислењето, или говорот на господинот Китаноски. Би сакала да ја потсетам јавноста, тоа пензионерите особено го знаат дека оваа Влада, или нивната претходна Влада, која што во континуитет е Влада на ВМРО-ДПМНЕ, или Влада на Република Македонија, ама предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во два наврати се обидува да земе она што не смее ни по Устав ни по закони да се земе. Да го земе Фондот за солидарност на пензионерите и добро е што Уставниот суд си ја гледа работата, единствен можеби што си ја гледа работата онака како што треба и ги укинува овие одлуки, овие закони, или овие законски решенија, со кои што сака Владата да замеша прсти во средствата кои што пензионерите од своите скромни плати си ги одделуваат за солидарен фонд, или за погребни трошоци.

Зошто е нашата реакција? Нашата реакција е за да не се случи и по трет пат Уставниот суд да укине одредби од овој закон. А тоа сигурно ќе се случи, затоа што не ги прифативте комисиите кои што беа надлежни според Деловникот, да работат на ова прашање не ги прифатија амандманите, односно нашите амандмани, кои што всушност, не беа и наши амандмани, туку, тоа беа амандмани на пензионерите, на оние кои што се заинтересирани за овој закон.

Господинот Илија Китаноски вели дека со ништо не се разликувало решението на Законот со амандманите. Тогаш, зошто не ги прифатите, ако не се разликува ништо. Тоа е волја на пензионерите. Ако не се разликува остварете им ја желбата на оние кои што ги одделуваат овие средства и зошто не ги прифативте амандманите. Ама сакате да ги бркате рацете во медот, кој што вие не го собирате и со тоа го кршите Уставот. Членот 20 вели: дека на граѓаните им се гарантира право на слобода на здружување на остварување и заштита на нивните права, наредени кои се, дека се здружени пензионерите дека им се гарантира право на сопственост и дека сопственоста и духот се основаат за управување и учество во одлучувањето, што овде се ускратува.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе, ќе повторам, нема член или одредба во Законот кој што на било кој начин експлицитно или имплицитно или од околу ако сакате да не разберат, сугерира на било кој начин одземање на правото на здруженијата, на сојузите на пензионерите во Република Македонија, одземање на нивното право да одлучуваат за членарината и за солидарниот фонд. Значи, не постои таков член, ако постои, ве молам кажете кој е тој член кој што кажува дека Владата, или Фондот ги регулира тие права. Бидејќи не е амандманска расправа, тоа го кажавме само за да имаме споредба што е она што вие го барате. Всушност, барате нешто што е потполно исто во текстот содржано. Не е прифатен, затоа што не се разликува во ништо суштински основниот текст и зошто да биде прифатен ако нема разлика.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Добро е што ја прифативте мојата процедурална забелешка. Јас ви благодарам за тоа што дозволивте пратениците да имаат право на реплика, заради тоа што во опозицијата почна да преовладува размислувањето дека во ова Собрание тој што размислува, не смее да говори. Еве уште еднаш сакам да се заблагодарам, што го почитувате Деловникот.

Инаку, мојата реплика господине Китаноски е кон вас. Ќе почнам, таму каде што завршивте со репликата. Амандманот кој што го поднесе опозицијата токму е во правец да не се случи повторно на Владата на ВМРО-ДПМНЕ истиот овој закон да падне и по трет пат на Уставниот суд. Не сакате вие да ги контролирате средствата на Здружението на пензионерите, како што кажа мојата почитувана колешка Цветанка Иванова и дел од колегите пратеници. Вие сакате да ги национализирате средствата на пензионерите. Се работи за 280 илјади пензионери, кои што месечно издвојуваат околу 140 денари, од кои 120 одат за посмртнина, а 20 денари за функционирање на нивните здруженија. Кој господине Илија Китаноски ќе ја преземе одговорноста ако повторно Законот падне на Уставен суд, како што сега во овој момент имаме вакуум од три месеци, каде што на пензионерите не им се исплаќа посмртнина. Ако се вратиме на старата методологија, каде што повеќето, или 70% од пензионерите кои што беа по старате методологија во првата група, се некаде со средства од околу 10 илјади денари. Оние средства кои што солидарниот фонд им ги исплаќа за посмртнини, некаде околу 30 илјади денари се и те како од потребни до стапување во сила на овој закон. Пензионерите имаат вакум во исплатата на средствата.

Инаку, почитуван колега Китаноски, сакам да ве информирам и вас и јавноста дека на Комисијата за финансирање и буџет од вашата колешка Анета Стефановска од Битола беше соопштено дека основен мотив, Владата да поднесе ваков закон е заради тоа што пензионерите ги злоупотребувале средствата и ги посочи пензионерите од Битола. Колешката Анета Стефановска од Битола ги понижи 16.400 пензионери од Битола. Сакам да ве информирам дека пред извесен период од страна на Надзорниот одбор н аЗдружението на пензионери во Битола била направена контрола и е констатирано дека Здружението на пензионери во Битола навремено ги исплаќа посмртнините во рок од два дена од поднесување на документацијата. Тоа сум должен да ви го кажам господине Китаноски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

За контра реплика се јави господинот Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе.

Значи се употребуваат тешки зборови во недостиг на аргументи, се употребува национализација итн. Значи, навистина како е можно Владата, или било кој орган од Владата, или министерство, или било кој нејзин орган да ги контролира тие средства, кога во членот 130 се вели: висината на задршката за посмртна помош и членарина со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија. Организација што ќе ја формираат тие. Таа ги утврдува и кретериумите и висината. Како може во таа организација, единствено ако некој инфилтрира таму или СДСМ ќе инфилтрира свои луѓе. Пензионерите не ги поничувате со измислени говори, туку ги понижувате ако им ги земате заслужените пензии, не им ги зголемувате, или им ги украдете 8%. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Бидејќи не е поднесен дополнителен Предлог на закон за кој можат да се поднесуваат амандмани на седница на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ги пратениците да влезат во салата, преминуваме на гласање.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. За Предлогот на законот гласаа 51 пратеник, воздржани нема, против 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Тука ја прекинувам седницата.

За продолжението на оваа седница дополнително ќе бидете известени, штом ќе се создадат деловнички можности.

Инаку, со закажаната седница 33-та продолжуваме во 13,40 часот.

За тоа време треба да дојдат претставниците на Владата, затоа што се образложува скратената постапка и треба нормално пратениците да се потпишат во евидентниот лист.

Продолжуваме со 33-та седница во 13,40 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,30 часот)